СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 февруари 1992 година

Скопје, февруари 1992 година

**II-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 41-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 12 АВГУСТ 1992 год.**


1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 3, 6
2. АТАНАСОВСКИ МИТКО – 19, 40
3. АРСОВ ДРАГИ – 28
4. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 12, 16, 53, 59, 60
5. ГОШЕВ ТУШЕ – 14, 15, 42
6. ДИМИТРОВА РАТКА – 38
7. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН – 60
8. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 15
9. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР – 17
10. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС – 39
11. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ – 12, 43, 46
12. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 9, 21
13. МЛАДЕНОВ ВАНЧО – 34, 37, 41
14. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 2, 20, 25
15. ПЕТРОВ ТОДОР – 25, 48, 53, 54, 57, 60
16. ПОПОВСКИ КИРО – 31
17. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 47
18. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 53, 61, 62
19. РИСТОВСКИ БЛАЖЕ – 46
20. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 26, 28
21. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 1, 6, 15, 34
22. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 17, 36, 56
23. СПИРОВСКИ АЦО – 22
24. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН – 20
25. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈ – 4
26. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР – 23, 32, 56, 58, 59, 60, 62


ПРОДОЛЖУВА

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 август 1992 година**

Седницата се одржа во сала I со почеток во10,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Информиран сум дека на седницата се присутни 67 пратеници, според тоа можеме да работиме по точките 5,6 и 7.

Пратениците Љубосав Иванов, Јаќим Ивановски, Панче Насев и Фаик Абди ме известија оправдано отсуствуваат.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници на вчерашната седница ние предложивме да се одложи расправата по Законот за грбот се со цел да се изнајде некое решение кое ќе овозможи да се донесе законот за грбот во духот на залагањата кои што беа искажани на седницата. Целта беше да се преспие 24 часа за да може пак потрезвено да се пријде кон расправа по законот за грбот. Во таа смисла беше остварен еден контакт со претседателот на Собранието и тој ја искажа таквата негова спремност и така одлучи и Собранието.

Ние денес предлагаме расправа по законот бидејќи оствaривме одредени контакти скоро со сите пратенички групи и во одреден смисол за да се надминат состојбите предложивме нови амандмани кои што мислам дека заслужуваат да бидат предмет на постапка односно да се постапи во согласност со Деловникот.

Оттука, овие поднесени амандмани даваат уште една можност секој да се преиспита во духот на потребата на овој историски миг за донесување на законот за грбот на Република Македонија. Бидејќи овие амандмани имаат одредени новини делумично се во духот на оние досега поднесените, тоа значи дека по истите е потребно да се произнесе Комисијата за уставни прашања, Владата, а потоа да се расправа на оваа седница на Собранието. Четириесет и првата седница ќе биде запаметена како историска затоа што на неа се раправаше за државните симболи и треба да заврши со нивно усвојување. Доколку не би се прифатило ова што сега го кажувам, јасно е дека ние не ќе можеме да го донесеме законот за грбот на Република Македонија што би било исто така непримерно за овој Парламент. Оттука сметам дека треба да се направат напори во текот на денешниов ден Уставната комисија да ги разгледа овие амандмани и Владата исто така да даде свое мислење до колку не се оцени дека даденото нејзино мислење се поклопува и е во духот на она што е дадено како амандман за денешната расправа.

Оттука сметам дека треба да се овозможи расправа во меѓувреме на комисиите по донесените амандмани, а седницата да продолжи со работа со законот за државјанство, за личните исправи, личната карта итн.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, најпрвин сакам да изразам жалење и вчудоневиденост од присутниот број на пратеници на седница ч ден кога се носат државните симболи да присуствуваат само 67 пратеници. Ова е жално. Понатаму, сметам дека никој не ни го дава правото да ја малтретираме целата македонска јавност повеќе.

Многу се расправаше, се расправаше во Уставната комисија, овде се расправаше, се расправаше по какви и не собири и овде и надвор од Македонија. Затоа сметам дека треба на еден демократски начин да одлучиме и да го гласаме грбот. Како? Со предлагање на нови амандмани, со расправи во комисии само ќе продолжиме со малтретираше и на јавноста и на нас самите. Предлагам на еден демократски начин бидејќи се издиференцираа два предлога предлогот со лавот и предлогот со сонцето, на демократски начин исто онака како што Уставната комисија одлучи со тајно гласање Парламентот со тајно гласање меѓу овие два предлози се изјасни денес и тој предлог што ќе добие мнозинство да биде официјален предлог, само пред да се премине на гласање координаторите на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ овде јасно да се обврзат дека пратеничките групи ќе гласаат за тој предлог што ќе добие мнозинство на тајното гласање. Мислам дека тоа е најдемократски и сметам дека ја имаме таа должност денеска да изгласаме грб на Република Македонија. Воедно додека трае тајното гласање да се направат усилби сите оние пратеници што не се тука,ако треба и да се испратат коли да бидат овде донесени. Ова го должиме и на јавноста, а најмногу на оние што не гласале.

Би го замолил претседателот на Парламентот овој предлог да го спроведе или ако не сакада го стави барем на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, овде јас првин треба да констатирам дека потребен број на пратеници присуствува на седницата за да може Собранието полноважно да одлучува по актите кои се на дневен ред, тоа е првата претпоставка. Јас денес овде сега можам да констатирам дека има доволен број на пратеници кои можат да одлучуваат за 5-та, 6-та и 7-та точка и ние со тоа ќе продолжиме, а во меѓувреме издадов налог да се закаже седница на

Комисијата за уставни прашања за 14 часот, да се обидеме ако можеме нешто околу амандманите да се стори. Тоа е единствениот начин како Собранието смее да работи, а не по идеите кои случајно ќе ни паднат на памет. Оти ова е Парламент на држава, не е случаен собир на граѓани и само така може да се работи, без оглед колку атрактивно на некого му изгледа вдахновено некој нешто кога ќе предложи.

Јас предлагам нешто да почнеме да работиме, ние само губиме време, уште процедурално сакаме да разговараме.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Не, господине претседателе, дами и господа пратеници, не е ова процедурално ако успеам да испомогнам на некои гледишта на работите прво и заради тоа што должиме некое објаснување имајќи во предвид дека пратеникот Михаил Пановски ги спомна двете пратенички групи на ВМРО-ДПМНЕ и СДС. Мислам дека барем на сите нас овде ни е јасно, а со оглед на тоа што го немам чувството колку им е јасно на сите наши граѓани дека има потреба да укажеме во што е всушност проблемот за донесувањето на законот за грбот на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не го расправаме тоа сега.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Со една реченица ве молам. Тоа е сугестија што ќе и помогне на Уставната комисија и таа повторно за џабе да не заседава. Нема расправа ве молам, дозволете само една реченица. Најдобронамерно излегов на вчерашната седница некој од нашите колеги на ВМРО- ДПМНЕ покрај потребите да настапат на еден одреден начин ги прекорачија и тие потреби

и со вакви реагирања како сегашното и вчерашното само ја усложнуваме ситуацијата. Затоа, дозволете да не го губиме времето тоа што го чувствувам за потребно да го кажам.

Мислам дека на сите ни е јасно дека ако не постоеше било каква друга идентификација на земскиот грб на Македонија таква каква што настана последните две години дека немаше член на овој Парламент кој што ќе гласаше против земскиот грб на Република Македонија. Каде настанаа проблемите? Проблемите настанаа, пред се, сметам несвесно и од неискуство што го имаме ние како општественици во оваа млада македонска држава и заради што направивме неколку грешки. Како што е грешката со употребата на името на ВМРО заради тоа што може да се формира партија, но демократска партија за македонско национално единство и да се смета за наследник на ВМРО, меѓутоа да создадеме ситуација во која што во Република Македонија еден дел од граѓаните ќе гласаат против носителите на тоа име не е едноставно и не е лесна работа.

Истата ситуација се случи и со земскиот грб на Македонија заради тоа што во последните две години овој симбол стана идентификација на една партија. Дозволете дека е сега предоцна да членови на други партии гласаат за симбол кој што е идентификација на друга партија ч во тоа е основниот проблем, а во ништо друго.

Зошто земав збор? Денеска ќе заседава Комисијата за уставни прашања, таму ќе дојдат амандмани, амандманите мора да бидат со такви предлози кои што ќе одат во насока да се излезе со решение во кое што не може симболот кој што стана идентификација на една партија да се очекува и понатаму да биде прифатен од членови симпатизери на друга партија. Тука е проблемот да не се заседава со Уставната комисија на иста страна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тие работи треба да се кажат надвор од говорница. Сега ние процедурално расправаме и непотребно компликувате работи.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мислам дека укажувањето на господинот Ханџиски е во духот и на линија што го кажа господинот Пановски. Оттука сметам дека предлогот што јас го дадов и што е логичен би рекол и во духот на Деловникот, а што го потврди претседателот господинот Стојан Андов тоа е начинот како треба да работи овој Парламент. Кога веќе господинот Ханџиски си дозволи да даде малку поширока интерпелација на постапката што ја водиме, една сакам да укажам на сите. Во досегашната расправа и во Комисијата~за уставни прашања и на други места ВМРО-ДПМНЕ изрази спремност со усвојувањето на земскиот грб лавот како државно обележје на Република Македонија едноставно ќе се откаже како партиски знак, а со тоа се постигнува основната цел дури и Законот за употребата на тој грб ќе оневозможи било која политичка партија да го присвојува она што ќе биде заедничко за целата држава. Оттука сметам дека треба да направиме напори во духот што го предложи претседателот во 14 часот да заседава Уставната комисија и уште еднаш да направиме обид да и помогнеме на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на точка - Предлог на закон за државјанство на Република Македонија.

Продолжуваме со претрес на амандманите поднесени на текстот на Предлогот на законот.

Пред да преминеме на претрес по останатите амандмани, ве известувам дека пратеникот Тодор Петров писмено се обрати до претседателот на Собранието со кое укажува дека во расправата во

работните тела по дел од неговите амандмани повереникот на Владате се произнел дека ги прифаќа ч според тоа тие би требало да се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Собранието водеше претрес по нив заради фактот што Владата во писменото мислеше од 8 мај 1992 година има став дека не ги прифаќа истите амандмани. Според тоа, изјавата на претставникот на Владата на седницата на работното тело може да биде и повлечена и поништена со писмениот став на Владата.

Меѓутоа Владата на Република Македонија на 9 јуни 1992 година достави мислење по укажувањето на пратеникот Тодор Петров во врска со овие амандмани во кое истакнува дека сите амандмани со кои се согласил повереникот на Владата на седниците на работните тела претставуваат составен дел на текстот на Предлогот на Владата. Со оваа измена на ставот на Владата тие стануваат составен дел на основниот предлог.

Според тоа амандманите на член 5 став 2, 3 и 4, 7 став 1 точка 2 за додавање на нова точка 3, 10, 17 став 1 точка 3 и 6, став 26 став 1, 27 и новиот амандман на член 6 став 1,2 и 3 поднесени од пратеникот Тодор Петров се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Ве известувам дека во меѓувреме група пратеници и пратениците Трајан Мицевски, Тодор Петров, Коле Луловски, Владимир Голубовски и Благој Тошев поднесоа амандмани на текстот на Предлогот на законот.

Групата пратеници поднесе амандман на член 26 став 1 со кој се согласи Владата, а Комисијата за внатрешна политика и општо народна одбрана го поддржа и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 2 за додавање нов став 1, Комисијата за внатрешна политика го преформулира овој амандман а претставникот на предлагачот се согласил.

Групата пратеници поднесе амандмани на член 7 став 1 точка 2, член 26 став 3 и за додавање нов член 28-а, а пратеникот Трајан Мицевски поднесе амандман на член 7 точка 5 и за додавање нова точка 5-а, пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 2 став 1 и член 26 став 3, пратеникот Коле Луловски поднесе амандман на член 8, пратеникот Владимир Голубовски поднесе амандмани на член 7 и член 26 став 3, а пратеникот Благој Тошев поднесе амандман на член 2 со кои не се согласил претставникот на предлагачот на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана не ги поддржа истите.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Благој Тошев.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (24 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Благој Тошев.

Во врска со амандманот на член 7 став 1 точка 2 поднесен од група пратеници напоменувам дека амандман со иста содржина поднесе пратеникот Тодор Петров по кој Собранието водеше претрес ч Собранието не го усвои.

Отворам претрес по амандманот на лен 7 став 1 точка 2 поднесен од група пратеници.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1 точка 2 поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 7 точка 5 поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Молам, кој бара збор?

Има збор Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами ч господа пратеници. Јас поднесов амандман на членот 7 на точка а) да се додаде нова точка а) која ќе гласи: "за полагање за прием во државјанство на Република Македонија покрај сите други услови пропишани во Уставот треба да исполнува кандидатот по одредени услови со тоа што треба да докаже дека го владее македонскиот јазик, ја владее македонската историја и култура, дека ќе ги

почитува уставните одредби и нормативни одредби на Република Македонија" дури  тогаш да му се издаде уверение за државјанство, а тоа се докажува со полагање еден вид пред извесна комисија која ќе биде составена од одредени органи и ќе се утврди како ќе треба тоа да се полага како што е тоа насекаде. Член за да добие државјанство на Република Македонија, а да не го знае јазикот,да не знае да се служи со кирилицата и да не ја познава основната култура на Македонија и историјата на македонскиот народ не би требало да се добива државјанство. Тоа стои во сите европски устави, тоа стои и во Уставот на Словенија, на Хрватска, на Франција и на многу други држави.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Тоа дури стоеше и во Уставот на досегашна Југославија каде стриктно се велеше дека треба да ги исполнува и овие услови. Затоа јас барав да се дополни Законот за државјанство со измена на членот 7 и додавање на точка 5.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Мислам дека и Комисијата овој амандман на пратеникот Трајан Мицевски го одби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве и претставникот на Владата рече дека они го одбиле овој амандман.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (29)

Констатирам дека, амандманот на член 7.точка 5 поднесен до пратеникот Трајан Мицевски не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање на нова точка 5-а, поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Молам, дали некој бара збор? (Никој),

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (27)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член. 7 поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

Молам кој бара збор?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во член 7 да се додаде точка 8 која ќе гласи: "да даде изјава за лојалноста на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Во голем број земји во светот меѓу кои и во САД знаењето на службениот јазик е еден од условите за стекнување на државјанство. Сметам дека не би требало Република Македонија да се откажува од она што е вообичаена пракса во сите демократски земји, а притоа треба да се има предвид дека чинот на стекнувањето на државјанство мора да биде обележан на посебен начин и да има и свечен карактер покрај тоа што сам по себе по својата суштина претставува една таква изјава за лојалност спрема Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (27).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Коле Луловски.

Дали некој бара збор?

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Иницијативата за поднесување на амандманот на членот 8 е моето долгогодишно искуство од положбата и остварување на правата на македонскиот народ населен во Европа и во прекуокеанските земји. Како таков сметам дека статусот на нашите Македонци не е докрај решен. Затоа

можев и сам да се уверам со последната моја посета на Северна Америка. Многу наши сонародници го немаат решено или пријавиле интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија. Заклучок на понудениот член на Законот не е во интерес за соочување на единството на нашите печалбари во белиот свет. Затоа предлагам членот 8 да се мени и да гласи: "Сите Македонци по нација место раѓање, потекло и по род кои живеат надвор од границите на Република Македонија по сопствено барање може да стекнат државјанство на Република Македонија, иако не ги исполнуваат условите по член 7 став 1 точка 2, 5 и 7".

Предлогот содржан во овој амандман произлегува од потребата Република Македонија да ги заштити сите свои сонародници кои по било кој основ, во емиграција, политичка, економска,научна итн., како и по основ на иселеништво од сите три дела на Македонија ја напуштија земјата и се раселија, емигрирале во земјите на Балканот Европа и во прекуокеанските земји, а сакаат да стекнат државјанство на Република Македонија. Вака предложениот член се дава заради тоа што во Република Македонија досега со ниту еден пропис не е јасно утврдена границата односно разликата меѓу иселеништвото и емиграцијата од сите видови. Со вака усвоен член сите наши сонародници ќе имаат ист третман пред законот по основ на стекнување на државјанство.

Вака предложениот односно конципиран амандман е директно инспириран и од фактот што во сите други земји во кои падна комунизмот како на пример: Хрватска,Словенија, Романија, Бугарија, Албанија и слично донесоа прописи по содржина и содржина идентични на предложениот амандман. Исти такви прописи има донесено и Турција, Грција и тоа со идентично толкување. Со тоа ги анулира претходните прописи а со цел да се постигне повисок степен на државно правно и национално единство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас го респектирам се она што беше кажано во образложението и мотивот по кој се поднесува амандманот, но исто така морам да кажам, согласно член 51 став 2 од Уставот на Република Македонија дека сите закони треба да бидат усогласени со Уставот. Ако ние се определивме да градиме демократија која неминовно во себе содржи два поима. Едниот е слободата, а другиот еднаквоста. Аналогно на тоа во членот 9 од Уставот на Република Македонија каде, следејќи ја правната теорија за спроведувањето на таа парламентарна демократија или овој граѓански принцип на организација на власта во себе ги содржи политичката еднаквост, правната еднаквост, економската еднаквост и социјалната еднаквост. Сега нема да зборувам за други еднаквост, ќе зборувам за правната еднаквост.

Правната еднаквост како поим содржи два елементи. Едниот елемент е праведноста а вториот е законитоста. Во праведноста оној што ќе го применува законот во еднакви случаеви треба да постапува еднакво, а подзаконитоста е совесна и доследна примена на општите правни норми на неодреден број случаеви со исти битни обележја утврдени во тие правни норми и нормативни решенија. Сега ако вие го погледнете Уставот поточно членот 9 став 2, каде кажува дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви и ако го погледнете амандманот, оттука може да се извлече заклучок дека сите македонци по нација, тоа значи дека потеклото,припадноста е основ за стекнување на некое право кое мислам дека е во директна спротивност со член 9 став 2 каде кажува дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Во овој случај кога ние сакаме да го применуваме нашиот закон, тогаш граѓаните не може да бидат еднакви и не се застапува еднаквоста.

Ако го погледнете вие членот 8 кој се нуди овде не зборува за припадноста туку зборува за иселеник од Република Македонија како и негов потомник од прво колено, што значи дека овој амандман е во директна спротивност на членот 9 став 2 од Уставот на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Амандманот на господинот Коле Луловски, не е заснован на член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија бидејќи тој навистина зборува за граѓани, дека граѓаните се еднакви. Еднакви се граѓаните овде во Република Македонија. Амандманот на господинот Луловски се однесува за македонците кои не се граѓани на Република Македонија. Во тоа е суштината на неговиот амандман и заслужува целосен респект.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ако господинот Томе подобро го погледне членот 9 каде има два става. Едниот став е граѓаните на Република Македонија, се еднакви во слободите и правата и во вториот став се вели дека граѓаните пред Уставот и Законот се еднакви. Тоа значи дека сите граѓани. Нашиот устав е граѓански. Ако вие го погледнете членот 2 од Уставот таму се кажува. Граѓански е концептот а припадноста не е основ за стекнување на некое право. Ако припадноста е основ за стекнување на некое право тогаш ќе направиме владетели и поданици на некоја држава и со тоа се губи рамноправноста.

**ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Не сум правник и не сакам да навлезам во правното толкување. Можеби и едниот и другиот дискутант се во право, веројатно затоа што и двајцата е правници.

Меѓутоа морам да ви кажам едно мое лично убедување кое посебно го зацврстив во разговори со луѓе кои долго време живеат во прекуокеанските земји и кои од чувството, по се она што го чувствуваат за оваа држава се пред се и државјани и македонци. Кај нас по повод законот за државјанство имаше едно големо разочарување затоа што долги години по ред досега немале можност да побараат републичко државјанство затоа што ние живеевме во една поинаква заедница, па тоа можеби и не беше важно кој во која република живее. Меѓутоа, сега во овој момент кога Македонија е самостојна и суверена Република кога има можност она што долго време го чувствуваат и го носат во себе неоспорно чие државјанство стекнале, зборувам поготово за иселениците во дијаспората многу им е важно макар и само со чувството да се истакнат дека се државјани на Република Македонија. Од таа причина можеби и нема да биде лошо без оглед што овде имаме спротивни ставови да се најде некаква можност ако има некој моќ и желба да добие македонско државјанство тоа нешто правно да му се овозможи.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

При одлучуваше по овој амандман треба да се земе предвид објективното опкружување на Република Македонија. Факт е дека сите соседни земји го имаат ова прашање решено на начин како што сега е содржано и во содржината на овој предлог- амандман. Би било неодговорно и несериозно да се повикуваме на некои теоретски принципи а да не земаме предвид она што е стварност и вистинска потреба на Република Македонија. Ве молам да го земете предвид и ова дека надвор од Република Македонија живеат повеќе македонци отколку што се во Републиката и проблемот на поврзување со македонците во светот повеќе децении беше занемаруван и во овој дел Македонија не го положи

историскиот испит во таа насока. Ние сме свесни дека некои пропусти свесно, од едни или' други причини направивме и во новиот устав, но среќа е во тоа што Уставот е менлив па се надевам дека после новите избори тоа ќе се поправи. Сега предлагам да се усвои безрезервно амандманот на господин Луловски.

**ЉУБОМИР ЈАЌИМОВСКИ:**

Исто така мислам дека објаснувањето на пратеникот Гошев околу амандманот на пратеникот Луловски воопшто нема врска и практично доаѓа до мешање на две различни нешта. Прво и основно е дека уставот е направен за граѓаните што живеат во Република Македонија и се однесува на нив, а амандманот на господин Луловски се однесува на македонците кои се надвор од Македонија. Така да тоа објаснување воопшто не држи и амандманот треба да се поддржи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Едното мое кажување дека двајца правници има повеќе мислења сега јас дојдов трет и сега останува да ги броиме мислењата колку се. Меѓутоа, во основа излагањето на господинот Туше Гошев за рамноправност не можам да го протолкувам поинаку од она што го кажува Уставот. Меѓутоа со законите се остваруваат и правата и обврските. Кога ќе се каже обврска тоа значи дека на другата страна стои ограничување. Нашиот устав не е таков кој не прави ограничување.

Законот за државјанство, од оваа говорница јас реков дека е закон за спречување, закон за повластување и закон за даваше и остварување на правата. Овде практично со овој закон и ние и секоја држава со закон за државјанство зависи каква ни е населеноста на територијата, каква и е политичката состојба каква политичка состојба сака да создаде и каква политичка состојба сака да негува спрема соседните односно спрема

останатиот свет, Овој закон има таква задача да дава одредени повластувања или ограничувања.

Во овој дел правата на ова држава сака да бидат појаснети за еден народ и во тоа јас го гледам амандманот на Луловски дека не се противи со основните начела за ограничување на правата на граѓаните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Ако колегата Стефковски мислеше дека овој дел се однесува на граѓаните во Македонија да, тоа ќе се однесува за граѓаните во Македонија, но Уставот говори за секој граѓанин било каде е ако дојде на територијата на Република Македонија е еднаков. Ние правиме едно повластување за овие луѓе лица кои се надвор од Македонија се Македонци по потекло, да им дадеме посебно овластување. Посебното овластување не ограничува некои права. Овде напротив ги зголемува правата на одреден народ.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ми се чини дека самите се ставаме во нерамноправна положба со другите народи. Наполно се согласувам со амандманот на господинот Никола Луловски еве зошто, ќе ви објаснам. Германецот каде и да е е Германец, во која и да е Германија и надвор автоматски си добива државјанство. Србинот каде и да е во Америка да живее 100 години тој е пак Србин, се враќа, си добива државјанство српско. Истото е и со Албанците. Гркот каде и да е тој си е грк, се враќа и го добива државјанството. Дали во Уставот сме згрешиле незнам, но треба да се поправи. Сфатете ме во моментот сме нерамноправни со другите народи. Правиме држава а не си го собираме народот. Еве пропуст. Ми се чини дека треба да го изгласаме овој амандман и ако го изгласаме тој ќе биде во согласност со Уставот.

Барав малку поголемо разбирање да најдам кај нашите правници да го докажат тоа дека е така, меѓутоа, ако го докажаа мислам дека не го

докажаа дека е така, го докажаа врз некои правни основи како да сме ние македонците на суд, а не во правна и суверен држава.

Уште еднаш ќе повторам дека овие мали грешки носат големи последици и спрема тоа треба да обрнеме повеќе внимание во моментот и да го изгласаме амандманот затоа што утре некој од вас во некој случај ќе замине од оваа земја и ќе стане туѓинец за таа земја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

За мене амандманот е сосема прифатлив и ги изразува желбите на сите македонци што не живеат овде во Македонија. Ние како држава и како Парламент претставници на народот на оваа држава немаме право да се откажеме од сите македонци што живеат надвор од Македонија.

Предлагам и ве повикувам да го излагасаме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Душан Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани дами и господа, уште од предизборниот период кога сите се залагавме нашите сонародници во странство, а и некои од нив ветуваа дека со воведувањето на

демократијата во нашата држава нивните заштедени средства во Европа, прекуокеанските земји односно Канада, Америка и -Австралија ќе почнат да ги пренесуваат овде за да може економијата, која навистина е во една катастрофална состојба да ја оживееме и со тоа Македонија да биде на едно пристојно место и во балканските и европските земји. На овој начин ние и понатаму тврдоглаво тврдиме дека тие наши сонародници во странство не се ништо и немаат ништо заедничко со нас овде. Ако овој амандман кој треба да се инкорпорира во Уставот односно кој треба да се инкорпорира во Законот за државјанство, а не го сториме тоа, знајте дека нашите иселеници во странство уште повеќе ќе ни го свртуваат 1'рбот. Спрема тоа, го поддржувам амандманот на Коле Луловски, мислам истото да го направат и другите пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, јас не сакам овде да расправам правна работа, а се гледа дека нашата правна работа не е правна работа, туку никаква. Затоа што овој правник вака држи оној правник онака, Туше Гошев вака го кажува законот, дали имаме еднаш усогласен закон и точка понатаму не смее да се оди кога е закон. Во законот не се конферира и што е ова јас мислам јас мислам вака, сметам дека само се манипулира на некој начин да се издвојат овие наши граѓани на кои со памук им ја шмукаме крвта, ги носат средствата овде, има ги заробивме, ги изедовме, ги поништивме, не им дадовме пари, а сега ги тераме да купи

стан од 60 иљјади ДЕМ, а овие овде да го купат за 4 илјади илиза5 илјади ДЕМ, тој да купи куќа, а овој да купи точак. Затоа не сакаме да им дадеме државјанство да си дојдат од таму ваму, тука се крие зајакот. Тоа не е врз основа на законот. Убаво ние е што ни носат девизи, а сега нема законска основа. Јас сметам немојте да 'си играме и тој , народ еднаш да стане член на оваа матична Македонија. До кога ќе ги гониме таму дали само пари да ни носат овде. Спрема тоа, вон законот, вон Уставот, ние мораме да донесеме да им удоволиме на тие кој сака да стекне државјанство на оваа Република Македонија.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, прашањето е доста комплексно иако вака на изглед може би кај некои пратеници делува едноставно, а меѓутоа, мошне е значајно и еден е од важните сегменти на оваа држава така наречени конститутивни елементи и секако спрема ова прашање треба сосема сериозно да се приоѓа.

Ќе го цитирам членот 49 од Уставот на РМ во ставот 1 каде е нагласено: "Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој" и сега едно толкување што сакам да ми го даде, по можност, министерот Фрчковски "ги унапредува врските со нив" ние точно ја знаеме објективната состојба во која се наоѓа Републиката, точно го знаеме составот и структурата кој го чини населението на оваа Република и во оваа смисла во однос на унапредување на врските со нашите иселеници.

Ќе укажам на тоа секако дека треба да се даде еден поластен третман на нашите иселеници, затоа што тие се наши граѓани кои се иселени во странство, кои радо сакаат да го примат македонското државјанство и секако дека треба да се најде начин и форма истото тоа на сосема лесен и достапен начин да им се овозможи во матичната своја држава. Секое нивно отстранување и оградување води кон сосема друга политика, ние знаеме што значи затворање на вратите, тоа беше присутно за целиот период, меѓутоа, сега треба да се градат нови односи во оваа смисла. Само ќе напоменам дек има случаеви во овој Парламент, да да не испаднеме ние дека не сме сетени било како, одделни пратеници веќе имаат друго државјанство покрај постојното на Република Македонија. Тоа е случај, може да испита и види кој носи такво државјанство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави министерот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, Владата смета дека амандманот не треба да се прифати од следните причини.

(Гласно реагирање во салата, го прашуваат министерот дали е негово мислење или мислење на Владата)

Ќе го прашате претставникот на Владата дали има дополнително мислење, меѓутоа Владата имаше вакво мислење кое јас го знам. Имено, овој закон е еден од ретките закони кои има ваков член за двојно државјанство и полесно стекнување на иселениците од таа земја за тоа

двојно државјанство. Прво, тоа се ретки закони, ние се одлучивме и поради дискусијата која течеше за Уставот таков член имаме во Законот за државјанство. Во основа ова решение во членот 8 тоа го овозможува и демагогија е да се тврди од овде дека иселениците условно ги делиме на Македонци по род и не македонци по род со овој член имаат некакво оневозможување или Македонците по род немаат такво право. Наспротив, со овој член се покриваат сите иселеници Македонци по род, да стекнат такво државјанство. Спрема тоа таа можност стои отворена, овозможена со законот, и демагогија е да се тврди дека таква можност не постои и дека со овој амандман се донесува, тоа не е точно. Со овој амандман всушност се прави дискриминација на луѓето иселени од Македонија. Тоа треба отворено да се каже. Овој амандман го тврди следното:

Дека иселеникот од Македонија кој е македонец по род може да стекне такво државјанство, а иселениот македонец, кој не е Македонец по род не може да го стекне тоа двојно државјанство. Ако се усвои амандманот ние тоа ќе го стимулираме во законот и тоа е одредба која никој жив не може да ја брани пред меѓународните форуми. Во суштина е дискриминаторски. Зошто е дискриминаторски и за граѓаните кои живеат во Македонија? Затоа што јас како условно македонец по род, живеејќи овде знам дека имам право, а ако се иселам да добијам македонско државјанство и ако го изгубам да го задржам или да го задржам, а ако не сум Македонец по род, сега го знам тоа право, живеејќи овде, ако се иселам и ако го изгубам државјанството немам можност да го добијам повторно. Тоа право јас сега го чувствувам овде живеејќи во Македонија и затоа таа одредба е дискриминаторска во својата основа и затоа не треба да се прифати амандманот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас мислам дека независно дали е некој Македонец по род или не, што има државјанство овде и што живее во Македонија. До колку се пресели тој има право на ова државјанство. Туку ова јас го сфаќам за оние македонци кои потекнуваат од Пиринскиот и Егејскиот дел тие не сакаат да имаат државјанство на Република Грција, бидејќи факт е дека Република Грција и Република Бугарија се држави кои анектираа, окупираа делови од Македонија 1913 година и јас сметам дека на тие наши граѓани, јас барем така се сметам дека ние сме матична држава на тие, тие немаат друга Македонија, тие се македонци. Доколку изразат желба, не гледам зошто тие граѓани не би можеле да им дадеме наше македонско државјанство. Инаку, од секогаш сум бил против било какви дискриминаторски закони.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас мислев да го кажам истото што го кажа претходниот пратеник, заради тоа што не станува збор во амандманот за стекнување државјанство на Република Македонија само за иселеници од Република Македонија во постојните граници, туку за Македонци кои живеат или се иселиле од другите делови на Македонија, отишле во странство и се чувствуваат за македонци и понатаму и сакаат да го задржат државјанството на нивната држава која го носи името Македонија. Затоа сметам дека би требало да се даде уште некое дополнително објаснување, бидејќи во првата верзија на законот за државјанство која ја доби овој Парламент зборот "иселеник" не се однесуваше во форма во каква е сега даден, туку за сите македонци по

род, како што е формулацијата дадена во амандманот на господинот Луловски. Ова решение кое би требало да се усвои, би требало да се стави во конотација на оној амандман кој Парламентот не го прифати, а се однесуваше за можноста државјаните на Република Македонија да бидат носители на двојно државјанство кој овој Парламент не. го прифати, а. се однесуваше на тоа лица кои живеат нас територијата на Република Македонија да не можат да бидат носители на двојно државјанство. Во конотација на последниот декрет на претседателот на Република Албанија исто така во ова _ соседство и ова опкружување на Република Македонија на сите Албанци по род им даде двојно државјанство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас немаше да се јавам за збор ќе преќутев, но мислам последната дискусија од господин Пановски, а во тој контекст и на Тодор Петров до крај едно мое сомневање која со резерва ја имав, ја искажав на ЗПК, мислам дека намерите на предлагачот со овој амандман во секој случај се светли, во секој случај се хумани, во секој случај може да дише амандманот дека се работи за една позитивна конотација. Но, мислам ваков каков што е срочен амандманот и по дикција и норма е ставен во контекст на фактичките состојби на Република Македонија и нејзините корелации со сопствените граѓани во дијаспората, при тоа од многу дискутанти се спомнува

Америка, Австралија и Канада, а само од неколку беа спомнати соседните земји, Грција, Бугарија а еве и јас ја спомнувам и Албанија. Мислам дека политички е многу незрел ваков амандман и лично сметам дека во крајна линија е на штета на македонската кауза во овој момент. Ако се тргне од целта дека интерес е на Република Македонија и на граѓаните во Република Македонија да граѓаните во Пиринска Македонија, граѓаните на државата Бугарија и на Република Грција кои во минатите периоди македонци се иселувале од вакви и такви познати причини во прекуокеанските земји, првенствена задача била на Републиката ми се чини на една Македонија тие граѓани да добијат тамошно грчко државјанство и бугарско државјанство.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа е ми се чини првенствената задача што треба да ја направи Републиката во контекст и во визија на времето што доаѓа. Волјата на македонскиот народ во сопствена држава, овде во Република Македонија, да го направи тоа, тие граѓани да добијат и македонско државјанство, може во секој момент тоа да го направи, а правејќи го во овој момент и доколку тие граѓани го акцептираат со полно право оваа норма што ние ја даваме, тогаш дефинитивно се затвара можноста нивна, тие да станат и граѓани на Република Грција и соодветно од таму од кај што потекнуваат и соодветно во Република Бугарија. Затоа јас овој амандман нема да го поддржам и нема да гласам против, туку ќе бидам воздржан. Мислам дека во едно друго време и во едни други односи тоа треба да го направиме.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници во врска со образложението што го даде министерот г-дин Фрчковски на овој амандман, навистина крајно сум незадоволен, затоа што тој со ниту еден аргумент не се обиде да ја сфати суштината на амандманот што е даден, ниту пак да го збогати текстот на Законот за државјанство. Само сакам да го потсетам не само г-динот Фрчковски, туку и Парламентот дека со овој Закон за државјанството ние мораме да ги почитуваме, пред се, основните начела со кои што се здобива тоа државјанство, начелата што се почитуваат за државјанството уште од римското право до денешно време. Тоа е основното начело на јус- сангвинис, а тоа е начелото на крвната врска односно местото на раѓање т.е. добивањето на државјанството по

потеклото, додека другите начела за кои што станува збор во Закон за државјанство тоа е начелото јус- солис и јус- домицили односно добивање на државјанство по подрачјето и по престојувалиштето. Тоа се само изведени начела и ние овде ги вклучуваме само како начела кога сакаме да ги почитуваме меѓународните акти за државјанство и во тие рамки овде сигурно овој законски акт во доволна мера тоа го запазува.

Во оваа прилика сакам да ве потсетам дека е најсеопфатно и најцелосно. Тоа е најдлабоката врска на правните односи меѓу поединецот и државата, однос на кои му признава посебна вкупност на правата и должностите на граѓанинот и на државата. Тоа е она што е сврзано со државничкиот статус како правна врска како на правен однос меѓу поединецот и државата. Затоа, и јас сакав да укажам на некои прашања сврзани со државјанството на кое што му е посветувано големо правничко значење во сите држави па и од тие причини сакам и ние да му посветиме такво правно значење во нашата држава кога ја решаваме оваа материја.

Ќе се задржам само на некои моменти сврзани и од значење со прашањата што ги покренува амандманот. Меѓутоа, морам да ве потсетам дека како што на сите овде ни е познато дека во бивша Југославија постоеше двојно државјанство. Во тогашниот режим на едно такво државјанство едноставно ние не можевме да го искористиме тоа право и во целост да го конституираме македонското државјанство. Во тој режим на двојното државјанство во југословенска верзија се одеше, како што на сите ни е познато на штета на македонското државјанство. Не само што македонското државјанство се здобиваше мошне лесно од страна на немакедонското население поради што видовме какви последици Македонија има од таквото лесно здобивање на немакедонско

државјанство. Сега тој момент претставува една од најголемите пречки за конституирањето на Македонија како што тоа двојно државјанство овозможуваше и македонците лесно да го губат своето државјанство. Од тие причини голем број македонци во дијаспората многу лесно го губеа тоа државјанство. За да го изгубат тоа државјанство во голема мера помагаше и југословенската дипломатија. Многу македонци беа раселени во светот и тогаш не само што тие остануваат без македонско државјанство во што им помагаше и југо- дипломатијата и конзуларните претставништва, туку тие едноставно се грижеа што побрзо тие да побараат такво државјанство на странската земја и. добијат трајно живеалиште во тие земји. Многумина од македонските иселеници и немале македонско државјанство кога отидоа во тие земји и поради начинот на живеењето во тие земји. Тие едноставно ја губеа врската не само што Југославија која се однесуваше како маќеа со нив туку ја губеа и врската со Македонија.

Така Македонија систематски ги губеше своите >државјани. Македонија, пред се, ги губеше своите македонци. Штета што во образложението на предлогот на законот не се дадени податоци за бројот на отпишаните од така нареченото југословенско државјанство за периодот од 1957 година до денеска. Тоа го смета за еден голем пропуст на предлагачот на овој закон, затоа што таа бројка најдобро ќе покаже колку Македонија изгуби од своите државјани односно колку изгуби од своето население. Сигурно дека предлагачот една таква слика не сака да даде во образложението на Законот за што ако се даде и ако таа бројка беше дадена сигурно не ќе можеа да се бранат тие ставови и решенија дадени во Законот. Тука со право ќе се наметнеше уште една потреба и уште еден аргумент, овој амандман што сега се предлага да биде прифатен. Од тие

податоци сигурно ќе се види дека Македонија систематски ги губеше своите државјани, а од друга страна ќе се видеше како Југославија се однесуваше спрема своите граѓани кои не биле од македонска националност. Од тие причини сакам да укажам на уште еден момент денеска кога правиме напори Македонија да се здобие со самостојна и суверена држава, морам да ве потсетам дека нашите Македонци во дијаспората никогаш не престанаа со борбата за самостојна и суверена Македонија. Сите знаеме дека од дијаспората од редовите на иселените македонци од Европа, Канада и од Австралија доаѓа силна поддршка за создавањето на оваа суверена и самостојна Македонија. Конечно ние мораме да го чуеме гласот на тие наши македонци затоа што тие се дел од нашата татковина. Тие немаат друга татковина, освен оваа. За нив татковина е Македонија. Од тие причини јас се залагам овој амандман да биде прифатен затоа што само со овој амандман со користењето на правото за стекнување на државјанство под централниот критериум на јус-сангвинис, односно по крвната врска тие ќе можат да го искористат своето право да се здобијат и со македонско државјанство.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мислам дека оправдано овој амандман предизвика ваков жив интерес и дискусија. Потоа мислам дека без нервоза и без посебна тензија треба сериозно да ги согледаме и последиците и потребите од соодветно вградуваше на одделни решенија кои што нема да ги девалвираат основните уставни решенија, меѓутоа исто така што ќе дадат одговор на македонскиот егзодус кој што е правен со стотици години на овие простори, бидејќи за прв пат создаваме, врз нови темели, нова наша македонска држава, во

континуитет. Според тоа јас потполно го прифаќам образложението што го даде г-динот Фрчковски. Тука немам никакви забелешки. Меѓутоа, овој амандман ако треба соодветно модифициран како втор став би го замолил Луловски доколку ја прифати оваа сугестија, како втор став да влезе во член 8 на предложениот закон. Во спротивно доколку овој став го нема и г-динот Битов тешко ќе може да добие македонски пасош бидејќи не го знае добро македонскиот јазик, не по своја вина. И плејада наши претставници кои и те како дале придонес и сеуште даваат придонес и јасно се определиле за оваа држава. Според не негирајќи ги определбите и образложението што ги даде г-динот Фрчковски за потполна рамноправност на граѓаните, иселениците тоа право да можат да го користат во овој дух како што е предложено во законот, би го замолил, всушност би му сугерирал, предлагачот на овој амандман г-динот Луловски доколку модифицира го предложи како втор став на член 8 и мислам дека таа специфика што треба да ја изразиме а со која не се нарушуваат основните принципи на законот и на Уставот и што вообичаено во светот, како што овде беше зборувано треба да се прифати. Впрочем тоа ни беа и основните политики определби скоро на сите политички партии во изборната кампања за таа врска и комуникации, дури и сите граѓани на Македонија и сите македонци да можат, ако не директно, ами и непосредно да влијаат врз круцијалните одлуки што овој парламент и оваа држава ги носи за натамошен развој на Републиката.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Ми е жал што вторпат се јавувам, меѓутоа очигледно дека Законот не се чита прецизно. Не може овој предлог што го предложи г-динот Поповски, освен ако го прегласате, да се усвои бидејќи членот 8 го регулира прашањето на иселениците. Тој во таа смисла е чист и таков треба да

остане. Ако предложите амандман на член 8 како  таков не е прифатлив, од причините кои ги наведов.

Второ, ова што сега се дообјаснувања за се што,кој што мислел со амандманот, подразбира нешто сосема друго. Подразбира дека ние треба да им дадеме државјанство на македонци во соседните земји. Претпоставка господо, за тоа, е која? Ако не го користиме член 11, читајте го каде што по исклучок од член 7 странец може да добие државјанство и без овие услови доколку претставува посебен научен,културен, економски и национален интерес на Македонија. По таа основа и на Џон Битов и на уште стотици такви до им дадеме државјанство по тој услов. Значи ако не се користи член 11 за ова што се предлага сега, тогаш предлогот значи дека териториите во Бугарија и Грција ние ги сметаме за окупирани територии односно дека на нив се протега актуелната македонската држава. Тоа значи дека ние треба да им дадеме државјанство не само на македонците што се таму туку и на бугарите и грците што се таму, бидејќи се на наша територија и тие се под нашата држава. А тоа кој може да го брани меѓу народот, нека се обиде и нека го брани, а не да го става како амандман на Законот за државјанство. Тоа воопшто не држи. Според тоа член 8 и член 11 потполно ги покриваат овде и дадените мотиви и желби, за тесни врски со нашето иселеништво, во соседните земји во прекуокеанските земји.       Во таа смисла стоиме на ставот дека амандманот не треба да се прифати ни како втор став на член 8.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Господа почитувани пратеници, мислам дек.: министерот Фрчковски се поведе по дискусијата на г-динот Пановски што исто така јас не ја уважувам од аспект на амандманот на г-динот Луловски не спомнува никаде ни Егејска ни Пиринска Македонија, едноставно зборува за македонците во светот. Тоа е суштината. Никаква дискриминација не се прави. Една членка на Европската заедница како што е Грција има закони и уредби па спречува и со пасош да се влезе во нејзината земја за лица кои што не се грци по род, по јазик и слично. Ако веќе една членка најдемократска заедница што претставува Европа има такви закони, јас незнам каква дискриминација ќе биде ако ние во услови на создавањето сега на нашата држава не обезбедиме државјанство на сите македонци, било каде, доколку излезат желби и спремност за тоа. Али таа желба треба да има основа и во одредба во Законот за да биде остварено. Ако смета г-динот Фрчковски дека членот 11 го обезбедува тоа мислам дека ставот 2 на амандманот што го дава Луловски уште повеќе може да го објасни членот 11. Меѓутоа, тоа е право на предлагачот. Никого не дискриминира туку напротив поттикнува на национално единство. Го поддржувам амандманот на господинот Луловски.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, содржината на амандманот што го предлага колегата Луловски ми е прифатлива, меѓутоа, исто така сум во дилема и со објаснувањето стручно што го даде министерот Фрчковски. Од таа причина би поставил едно дополнително прашање до предлагачот на амандманот, за да можам навистина да се одлучам за него да гласам. Конкретно би прашал што мисли предлагачот на амандманот со граѓаните кои живеат во

Австралија или во Канада кои село потекло македонци родени во Егејска или Пиринска Македонија, доколку ние се сложиме да им дадеме државјанство и сигурно дека, јас како што го разбрав г-динот Фрчковски нема пречка тие да добијат македонско државјанство, дали на тој начин и со тоа, со тој факт ние нив ги спречуваме или им даваме за право на соседните земји ним да им кажат, вие си го имате решено државјанството и повеќе немате право и со тоа да го заклучиме правото, никогаш да немаат можност да добијат право да бидат граѓани на Грција, односно на Бугарија односно тие граѓани за секогаш ги иселиме, од тој простор. Со тоа ние ќе придонесеме тој простор да го напуштаат македонците за секогаш. Дали со тоа, не го правиме тоа зашто јас го мислам. Ако не го правиме тоа, тогаш би гласал за тој амандман. Меѓутоа, ако го правиме тоа, ако придонесуваме тој простор да се испразни со македонците за секогаш, тогаш не би гласал за тој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Интересно е последното прашање поставено од г-динот Ванчо дали со однесувањето на ваква одредба во Законот не ќе ја предизвикаме Грција да каже дека на македонците кај нив нема да им признаваат државјанство ќе ги упатува кон Македонија. Ако ја постигнеме таа цел, ве повикувам веднаш да гласаме, затоа што ќе ја предизвикаме Грција да ја признае македонската нација. Тие не ја признаваат нацијата, а ако ја признаат нацијата, нека е така.

Другата намера што ни беше да се јавам е толкувањето на г-динот Фрчковски околу одредбите на предложениот текст на закон во член 8 иселеник и Македонец по потекло дали е се едно, дали се прави дискриминација или не. Г-да, реков, Законот за државјанство вол основа е дискриминационен закон. Тој дава право на секоја заедница да ја затвора границата спрема себе и доброволно да ја отвора. Тоа го чини белиот свет, зошто ние сега под името на некоја си демократија ќе бараме и ние да бришеме име Македонец. Па оваа држава е Македонија, во преамбулата велиме дека е на македонскиот народ. До кога ние ќе велиме некој да не ни приговори. Ова, г-дине министре, сакам да го пренесете во Владата. Ова е ограничување на други,а форсирање на македонскиот елемент. Го кажуваме отворено, било каде јас не познавам роден ваму, онаму. Овде сакам да кренам рака и тоа е одговор на Ванчо, дека било каде да е македонецот, ние ќе можеме во секој случај ч така стои во амандманот една ререзва вели, по негово барање, значи, тој што се определи без разлика каде живее дека е македонец, да не се поставува прашање во оваа држава дали ќе има државјанство или не. Со тоа ќе биде задоволен член 2 став 1 кога вели дека македонецот односно државјанинот на Македонија може да има државјанство и на друга држава. Тоа понатаму значи дека само за

овие луѓе, овој Закон за државјанство е повластување и ние не треба да се срамиме од тоа. А што ќе биде во општите начела, ако се јави во општите начела, тогаш тој е странец и да правиме разлика меѓу странец со друго државјанство, странец по било кој основ тој бил овде па се иселил па се доселува како ч македонец по потекло било каде да е. Тоа е суштествена разлика, не се работи за оние што биле овде. Тие што биле овде, ако некој сака да се исели од територијата на Македонија како држава и отиде на друго место да прими државјанство како што направи Албанија, како говори Бериша, на сите Албанци било каде да се им се признава албанско државјанство. Таму има и македонци. Дали тие македонци веднаш се албанци. Тоа е едно прашање.

Второ, ако некој сака да го напушти македонското државјанство, тој мора да бара отпус од ова државјанство у тие луѓе што барале отпус од државјанството ќе подлегнуваат под другите норми на член 7 и ќе бараат ново државјанство да бидат македонци. Ова е така наречено природно право, на пример македонец и по раѓање е Македонец и нашето државјанство ќе го има. Тоа е мое уверување, тука не треба да се плашиме од таа работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Младенов бара реплика.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Јас се извинувам и посебно спрема колегата Томислав Стојановски, меѓутоа, не го разбрав воопшто што сака да ми каже, а јас мислам дека поставив конкретно прашање и би го замолил предлагачот на амандманот да ми одговори за да можам да одлучам при гласањето.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, прво јас би кажала во врска со ова конкретното прашање на пратеникот од СДС. Мислам дека малку цинично звучи кога ја знаеме конкретната ситуација, луѓе по 40 години избркани од своите огништа, избркани од својата земја каде што не им се дозволува ниту да зборуваат на својот мајчин јазик, ниту да се викаат онака како што ги крстиле, немаат апсолутни никакви човечки права и сега кога ние би им дале можност да бидат граѓани на нашата земја Македонија бидејќи се по род Македонци, ние треба да се плашиме ако се сети Грција да ги смени тие закони, тие повеќе нема да имаат право таму да се вратат. Па тие немаат право ни со друг пасош, австралиски, или американски да ја пречекорат границата, да си ги видат можеби старите родители или на некој погреб на блиски роднини да дојдат. Тоа е доста цинично прашање во ваков момент. Напротив, мислам дека нашите напори напорите на овој Парламент треба да бидат стручните луѓе вклучувајќи го и министерот да најдат начин да се реши ова прашање така како што е најдобро за оваа земја без да се дискриминираат правата на другите граѓани овде. Тука треба да се искористи стручноста на нашите луѓе, зашто сите ние знаеме дека македонците се народ како и евреите расеан низ целиот свет, знаеме дека има експлозија на наталитетот на еден сегмент овде во нашата држава. Знаеме какви соседи имаме кои на најгруб возможен начин се однесуваат и спречуваат се што е во врска со осамостојувањето на нашата земја, со признавањето на нашата нација и ми пречи една апстрактна стручност, апстрактни форми на дискусии, професионализам кој што не е врзан за реалитетот. Тоа ми пречи.

Кога сум веќе овде да кажам и тоа дека ние имаме многу форуми на заштита на човечките права. Од истиот тој апстрактен формален професионализам тие не реагираат на најдрастични форми на кршање на човечките права овде, на пр. на нашите војничиња кои беа задржувани, на многу елементи коч овде се случуваат не се реагира. Заради тоа што се, се гледа на еден книшки начин, не реално.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас сакам да кажам дека во целина го поддржувам амандманот на г-динот Луловски и ќе дадам едно кратко образложение. За жал, не знам колку тука во Македонија средствата за јавно информирање имаа прилика да пренесат од самите митинзи кои беа на пр. во Мелбурн. Сакам да ја спомнам бројката од над 60 илјади македонци коч излегоа, во Сиднеј над 20 илјади македонци, во Перт Аделајт о Камбера. И сега се прашуваме тие македонци од каде потекнуваат. Сите се декларираат дека се македонци под знамето македонско/ под симболите па ч вчера падна прашањето кои симболи ги сакаме. Доколку Македонската телевизија покаже таму кога се демонстрираше кои симболи ги носеа, сигурно дека овој Парламент уште вчера ќе решеше.

Оттука, би сакал да напоменам дека тие македонци што се таму доста се од Вардарскиот дел, не се само до Пиринскиот или Беломорскиот дел на Македонија. Меѓутоа, меѓу нив има таму родени наши коч се државјани во моментот на Австралија. Тие потекнуваат и по мајка и по татко од Вардарскиот дел. Сега се прашуваме дали тие треба да ги ставиме во ист ред со оние што се доселуваат од Косово, Босна или од било каде. Сакам само да напомнам да имате предвид дека нашите македонци независно од каде се дали од Беломорска Македонија, Пиринска или Вардарска

Македонија сите во нивните австралиски пасоши се заведени како Македонци. Македонец роден во Лерин државјанин на Австралија, па затоа би ве замолил од тоа размислување тука да појдеме, дали ние сме тие што треба да им го скратиме правото на македонците независно кој каде е роден по потекло од татко и мајка штом е македонец, дали ние сме тие што треба да им го скратиме тоа право да не им дадеме на тие Македонци да го добијат она што со векови тие го чекаат. Таму луѓето до некни не сакаа да бидат Југословени бидејќи не припаѓаат на Југославија, не сакаат да земат југословенски пасош бидејќи тој не беше нивен од матичната држава пасош. Исти такви случаи имаме на оние коч се по потекло од Беломорскиот *дел. Тие и ден денес не сакаат и не земале никогаш грчки пасош. Тие го чекаат овој момент да добијат македонски пасош, а ние сега се трудиме да докажеме нешто спротивно и ќе ве молам да размислиме сите да го изгласаме она што е најдобро.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Немав намера да станам, но кога гледам дека бистрата вода почнуваме да ја матиме, мора да станам. Ова прашање, луѓе, не требаше ни тука да дојде кај нас . Тоа е толку едноставно, тоа е толку природно. Зарем треба да се молиме ние, зар треба да бараме некои закони како да го регулираме прашањето на македонец. Да не гледа некој од надвор од Канада, Торонто или од Австралија некој ваш или наш брат, кој било, ќе рече што седат овие луѓе мои? Да го решаваме прашањето односно проблемот на македонецот. Мајката! премногу едноставно, кажа човекот, го даде амандманот, автоматски треба да се реши, да не чекаме некое меѓународно право да ни го реши тоа прашање. Не, имаме 10-15 правници, колку сте тука, нека сте живи и здрави, не требаше да дозволите да дојде

кај нас тоа прашање. Тоа е срамото и гревота.

Сметам дека треба да прекратиме со дискусијата и да гласаме. Владата и министерот за внатрешни работи и другите мои претставници што се од адвокатската правна служба малку треба да ги сменат тие таму членови што ги имаат пишано во Уставот и да го донесат правилно прашањето на маекдонецот во животната средина во која треба да живеат, во матичната држава. Ти ќе му кажеш на Германецот, ќе му читаш таму така треба да биде Германец, онака треба, да биде Германец. Те молам Туше не ми читај повеќе за светот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немате право да сугерирате.

Г-динот Младенов бараше реплика со г-ѓа Димитрова.

(Пратеникот Митко Анастасовски одејќи на место продолжува да зборува).

Г-дине Анастасовски, Ве молам седнете, ако барате збор ќе добиете повторно.

**ВАНЧО МЛАДЕН0В:**

Јас се извинувам што се јавувам по трет пат, меѓутоа морав да се јавам поради тоа квалификацијата што беше искажана од г-ѓата Ратка Димитрова не би можел да ја прифатам, Тука не се работи за никаков цинизам, туку за најдобра намера заради тоа што сакав да гласам за овој амандман и барав да ми се појасни. Во таа смисла го барав појаснувањето а квалификацијата за цинизам нека остане ваша оценка.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Изгледа слабо го читаме предлогот на законот. Мислам дека амандманот на г-динот Коле Луловски ништо не е повеќе, ништо што не е регулирано со Законот. Еве сега ќе ги прочитаме членовите сами вие да утврдите.

Се нуди измена на членот 8. Членот 8 од предлогот на Законот е: "иселеник од Република Македонија како и негов потомок до прво колено може со природување да стекне државјанство на Република Македонија и ако не ги исполнува условите од член 7, став 1 точка 2 и 7 на овој Закон".

Сега членот 8 што го нуди г-динот Коле Луловски.

"Сите македонци по нација, место раѓање по потекло и по род кои живеат вон границата на Република Македонија по сопствено барање можат да стекнат државјанство на Република Македонија и ако не ги исполнуваат условите по член 7, став 1, точка 2, 5 и 7". Единствено на овој член му недостасува точката 5 каде кажува да го познава македонскиот јазик. Тоа е единственото што не го содржи членот 8 на Предлогот.

Членот 11 како што вие тврдите низ светот дека не се одне1сува еве го регулира и тоа прашање. "По исклучок од член 7" значи не важи член 7 на овој Закон "странец кој наполнил 18 години-:живот може со природуваше да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува посебен научен економски, културен, национален" тоа што го барате т "национален или друг интерес за Република Македонија". Јас не знам што треба уште да решаваме. Единствено што му замерувам на амандманот 8 е лошата номотехника затоа што ние не донесовме номинален устав, само му

ветивме на народот дека ќе градиме граѓанско општество и рамноправност. Само тоа му замерувам во конотацијата, сите македонци по нација, ако породот е основ за стекнување на едно право, ние правиме нерамноправност на граѓаните во Република Македонија, а членот 8 тоа го дава за сите граѓани и членот 11 националниот интерес на македонците го задоволува. Јас не знам што е прашањето и сега разни конотации давање и разни дискусии.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Прво, да се обратам до последниот дискутант, бидејќи инсистираше да го чита понудениот текст на членот 8 од предлагачот. Лично ви се обраќам, а исто така и на предлагачот, на министерот Фрчковски на овој Парламент да објасни што подразбира под "иселеник од Република Македонија. Дали во меѓународните норми пости поимот иселеник од една држава. Доколку постои, повелете да ни објасните. Поголемите миграциони движења што се случуваа во почетокот на XX век, зборувам за периодот после Балканските војни, прв пат се јавува поимот иселеник. Почнувајќи од 1913 година после Балканските војни, 1923, 1924 година исто така македонците се иселија прво и прво така наречениот Егејски дел на Македонија. Тоа е 35%. Покрај Македонците со така наречениот Мајски и Лозански договор се иселија од тогашната Македонија од Егејскиот крај 350 илјади турци, Муслимани кои го признаваа одлично македонскиот јазик во тоа време. После се појавува иселеништво. Можам да ве потсетам, веќе сте и живи, од Република Македонија иселеници 1940 и некоја година, тоа исто така многу добро му е познато на министерот, предлагачот што малку инсистирал да го каже тоа што требаше и 1950 и некоја година кога повеќето од вас сте сведоци на случајот. Само тој поим иселеник од една

држава т.е. од сегашна Република Македонија е познат. Јас во мојот амандман јасно кажувам дек се работи за емиграциони движења, населување од еден во друг крај, а историчарите можат тоа да го кажат подобро од мене. Зошто г-дин министер Фрчковски не ја спомна 1905 година? Иселеници од Република Македонија кои се? Дали постои ваков договор или не постои меѓу Република Македонија и Турција? Дали тие граѓани така наречени граѓани што ја напуштија Република Македонија имаат право да стекнат државјанство со член 8 од понудениот закон за државјанство?. Го прашувам г-динот министер. Ако нашите иселеници според понудениот член немаат право ни по прво ни по второ така наречено колено, а да не зборуваме овде за посебен национален интерес. Ве молам, посебен национален интерес е ако ме прашате мене сигурно да го земам атлетичарот Џон Луис бидејќи е во мода сега. Тука се работи за странец, а тоа е тој странец. А не македонец. Сигурно би сакал да зема;* некој добар математичар, а на крајот би земал еден кој треба да ја спаси економијата на Македонија. Такви македонци сигурно веќе ги немаме бидејќи тие се странци за г-динот министер.

Да одговорам на прашањето на г-динот Ванчо Младенов, го сфатив мислењето што сакаше да го каже, тука се работи за тоа дали ќе се испразнат со добивање на државјанство на соодветните македонци таму тие простории. Во понудениот член јас:не нудам да се селат, туку по барање да стекнат државјанство и тоа по сопствено барање на Република Македонија,а не да се селат. Сигурно овој процес нема да се реализира за 10- 15 години. Сигурно не може сите 350 илјади Македонци што живеат во Австралија за 2-3 години да се иселат во Македонија. Сега да дојдат, а зошто, поради администрирање што добија државјанство на Република

Македонија. Бидете сигурни дека нема да има ваков процес. Процесот ќе трае најверојатно 20 - 30 години и дали сите наши Македонци што живеат во Америка или сега така наречени од комунистичкиот режим привремено вработени во Европа. Привремено вработени наши македонци во Европа, а не се само привремено вработени македонци. Сигурно од Република Македонија се вработија по новиот Устав граѓани и ние сега да очекуваме тие наеднаш за 24 часа да дојдат во самата Република.

Морам да го цитирам и ценетиот министер Фрчковски како професор на некое свое предавање и тоа сега скоро пред донесувањето на Уставот има вака речено: "во сите држави носител на суверенитетот е нацијата или народот кој се изразува преку официјалното писмо, химна, државниот грб и знамето".

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ: (**Продолжение)

Ве молам, првиот дел од понудениот амандман е точно македонци по нација.

Вториот е во продолжение после,на самото предавање од г-дин Фрчковски понатаму во цитатот вели, тука се спомнува некој народ, македонскиот народ, францускиот народ, американскиот народ итн., или француската нација, македонската нација, белгиската нација австралијанската итн. Меѓутоа, во сите демократски држави реален носител на суверенитетот е индивидуалниот граѓанин кој го остварува суверенитетот преку здружуваше со нему слични луѓе по политика, а не во етичка смисла. Значи преку партиите и органите на власта. Ве молам господине Фрчковски тие се ваши предавања, ги кажавте на вашите студенти, мислам време е да го кажете и на овој парламент што навистина вие разбиравте по Македонци, или по нација на крајот на краиштата, нација, или народ. Не сакам да навлегувам во вашата стручност, но кога сме веќе тука да си довршиме некои работи кои што уште пред Уставот не се дорешени.

Уште еднаш се обраќам до последниот дискутант Тушев дали поимот иселеник од Република Македонија може мене лично да ми ги објасни, бидејќи јас не го познавам. А во моето образложение точно тоа е кажано. Постои само рефуџат и емигранти.

**БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имам едно чувство дека сепак дискусијата како да е партиски обоена, а се работи за еден навистина суштествен проблем што нам ни стои и верувам дека сите искрено го чувствувате како проблем и Владата исто така го чувствуваше тоа. Со оглед на фактот што се работи за кардинално прашање, се работи за стотици илјади, да не речам милион луѓе наши луѓе во специфичната ситуација на поделена

Македонија мислам дека одговорноста на Парламентот, а тука и на Владата е преголема за да можеме можеби така со еден потез сега да го решиме ова прашање. Заради тоа направивме мала консултација со колегите тука. Предлагаме ако тоа е и со ваша согласност да се прекине со дискусијата по прашањето и Комисијата односно да го разгледа и да се најде формулација која ќе биде заемно прифатлива. Затоа предлагаме да се остави прашањето и да го преразгледа Комисијата одново, па и Владата ќе се обиде тука да придонесе во формулирањето. Јас ќе ви бидам благодарен ако на овој начин по оваа инаку важна, но веројатно ќе биде и мачна дискусија што сега ја водиме по едно кардинално прашаше за сите нас-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека треба да го прифатиме предлогот.

Предлагам пауза од 30 минути.

Комисијата да заседава заедно со претставниците на Владата.

(По паузата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имаме извештај. Го молам претставникот на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана да не информира.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Комисијата се состана за време на паузата и го подготви следниот извештај. Комисијата го прифати амандманот на пратеникот Коле Луловски, со тоа што тој да биде став 1 на член 11 на Предлогот на закон кој гласи:

По исклучок од член 7 на овој кој наполнил 18 години живот може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува посебен научен, економски, културен и национален интерес, а посебно за сите Македонци по потекло што живеат вон границите на Република Македонија.

Образложение, Комисијата оцени дека со овој амандман ќе се обезбеди заштитата на интересите на Македонците кои живеат надвор од границите на Република Македонија, односно да можат да се стекнат со државјанство на Република Македонија. Со овој амандман се согласи и претставникот на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа, амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 поднесен од група пратеници.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Овој амандман веќе беше еднаш предложен по малку можеби и поизменета форма, меѓутоа ја користам можноста бидејќи е доставен од група пратеници повторно да го образложам, сметајќи дека Парламентот со целиот респект треба да го прифати. Многу е поважен членот 26 став 3, за мене лично отколку изгледот на грбот на оваа држава, ценејќи какви импликации можат да настанат од примената на решенијата кои што сега во сегашниот предлог на закон се понудени од следните причини. Во предложениот текст на Предлогот на законот во членот 6, 23 што беше и најспорен, па и за пратениците од Пратеничката група ПДП-НДП стои дека

државјаните на другите републики на поранешна СФРЈ и другите државјани на поранешна СФРЈ имаат право да стекнат државјанство на Република Македонија доколку во рок од година дена по влегувањето во сила на овој закон поднесат барање, а претходно имаат најмалку 15 години законски престој на територијата на Република Македонија. Предложениот амандман од група пратеници се однесува на следното. Ставот 3 на членот 26 да гласи: Државјаните на другите републики на поранешната СФРЈ и државјаните на поранешна СФРЈ кои имаат пријавено законски престој и живеалиште на територијата на Република Македонија со денот на влегувањето во сила на овој закон се сметаат за странци и спрема нив се применуваат одредбите од Законот за движење и престој на странци. Лицата од став 1 на овој член ќе можат да се стекнат со државјанство на Република Македонија согласно одредбите на овој закон посебно одредбите наведени во членот 7 кој го регулира правото за стекнување на државјанство на Република Македонија за лица кои не се државјани на Република Македонија, односно се странци. Ова го предлагам од причини што воопшто се неодржливи тезите дека во Република Македонија досега немаат законска регулатива за државјанството и заради тоа што ги отфрлам тезите дека досегашното регулирање на државјанството на лицата, граѓаните на поранешна СФРЈ овозможувало државјаните на другите републики автоматски да се стекнат со државјанство на Република Македонија. Би сакал само да укажам на фактот дека во законската регулатива за мене воопшто не можат да постојат никакви празнини и мора да постои континуитет. Република Македонија за прв пат Закон за државјанство донела во 1950 година, понатаму во 1965 година и последниот кој што е важечки во 1977 година. Воопшто не е одржлива и тезата дека лица кој што дошле од други републики во Република

Македонија и извадиле лична карта дека автоматски се државјани на Република Македонија. Сегашниот постоечки закон воопшто не овозможува и не го регулира тоа прашање дека државјанството на Република Македонија се докажува со лична карта, што значи оние кои дошле од други републики, односно од другите држави на поранешна СФРЈ на територијата на Република Македонија легално, нелегално, со протекција, корупција и тн. се стекнале со лична карта, односно со легален престој и живеалиште не значи дека автоматски со таа лична карта станале -државјани на Република Македонија. Таква одредба во постоечкиот закон од 1977 година за државјанство не постои. И затоа мислењето дека оние што извадиле лична карта во било која подрачна единица на Министерството за внатрешни работи претставува право дека се и државјани на Република Македонија се неодржливи. Јас ќе го цитирам првиот закон што е донесен за државјанство на Федеративна Народна Република Југославија во чии што рамки нашата Република беше како членка. Во тој закон во член 1пишува дека државјани на ФНРЈ може да има државјанство само на една република. Понатаму секој сојузен државјанин може да бара да биде примен во државјанство на друга Република, меѓутоа во постапка пропишана со закон. Имаше некои забелешки од некои пратеници, поточно од Пратеничката група ПДП-НДП кои се сведуваа на следното. Си дошле на територијата на Република Македонија било кој надвор од територијата на Република Македонија, си извадиле лична карта без да поднесат барање во постапка пропиша на со закон за да примат државјанство на Република Македонија се сметаат самите себеси дека се државјани на Република Македонија. Практично спорот со Пратеничката група на ПДП-НДП беше тоа што амандманот на

господинот Абдурахман Алил се сведуваше на следното. Кој се затекнал на територијата на Република Македонија да добие државјанство. Меѓутоа, законите кои што биле во сила и досега не го даваат тоа право. Исто како што функционира и Европската заедница, државјанин на било која членка на Европската заедница има право слободно да се движи, да има легален законски престој и живеалиште во друга држава членка на Европската заедница, имаат право да користат и заеднички европски пасош, меѓутоа со самото тоа што на пример еден француски државјанин оди во Грција на пример добива законски престој, законско живеалиште, добива законско право на работа, си ги плаќа сите давачки во таа држава Грција автоматски не го стекнува грчкото државјанство доколку претходно не побара отпуст од државјанството на Франција и прием во државјанството на државата Грција. Истото се однесува и за досегашна СФРЈ. Секој имал право државјанин на било која република членка на СФРЈ да се движи слободно на нејзината територија во сите републики, меѓутоа доколку сакал да го промени својот престој и живеалиште од една република во друга бил должен да побара отпуст од државјанството на Републиката која ја напушта и да побара прием во државјанството на Републиката во која сака да има легален престој и живеалиште. Со самото тоа отпаѓаат по мое лично убедување сите размислувања дека со тоа што имавме заеднички пасош, можност за слободно движеше на територијата на цела поранешна СФРЈ дека со самото тоа кој каде се затекнал се автоматски и државјани на таа република. Бидејќи Југославија се распадна државјаните на другите републики за нас се веќе странци. Во сегашниот закон кој што е важечки од 1977 година во точка 3 член 9 пишува: Во државјанство на Република Македонија ќе биде примен државјанин на друга република кој во моментот

на однесувањето на барањето наполнил 18 години и има живеалиште на територијата на Република Македонија. Државјанството не е право на еден национален колективитет, или право на малцинство. Државјанството е право на граѓанинот, на човекот. Ако сака да си биде примен во државјанство има постапка пропишана со закон да си поднесе барање, да бара прием на државјанство да добие и да си живее во таа држава, односно република. Овој член 9 е многу полиберален од сегашното понудено решение во член 2 6 став 3, заради тоа што ако некој слободно се движел, дошол од Република Србија во Република Македонија стекнал престој законски, зборуваме само за оние кои законски стекнале престој и живеалиште автоматски не станале државјани на оваа држава. Македонија, а бидејќи со распаѓањето на Југославија,СФРЈ веќе не постои, а нејзините конститутивни членки станале самостојни и независни држави, тоа значи дека државјаните на другите републики ние не можеме да ги ставиме во некоја повластена положба за да им дадеме автоматски право,поправен рок од година време за да стекнат државјанство на Република Македонија. Истите мора да се подведат под критериумите за одредбите од правото за стекнување државјанство за странци. И затоа сметам дека пратениците би требало да го поддржат овој амандман за да не се прифати, не прифаќајќи го понуденото решение во Предлогот на законот. На тој начин ќе се избегне можноста да се вршат секакви манипулации околу периодот дали ќе бидат 5, 10, 15, 30 години. Со овој член ќе се овозможи воспоставување континуитет во законодавната дејност, во законодавството во областа на државјанството. Затоа апелирам пратениците да го поддржат понуденото решение во овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (41 пратеник)

Според тоа, констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, предлагачот на законот да се произнесе.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Бидејќи овој амандман е исто амандманот на групата пратеници, а веќе е усвоен, јас само го повлекувам формално- правно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3, поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи Парламентот го усвои идеалното решение предложено од господин Петров, го повлекувам својот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член'^28 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Овој амандман се однесува во членот 28 да се додаде нова одредба која гласи: Одредбата од членот 23 став 1 ќе се применува по замената на личните карти и патните исправи издадени до влегувањето во сила на овој закон. Првобитната концепција на законот за државјанството предвидуваше постоечките лични карти да бидат важечки документ за докажување на државјанството. Меѓутоа, во расправата по законот за лична карта и за патни исправи се увиде дека постоечките лични карти заради разните злоупотреби од причините кои што ги наведов не можат да бидат документ со кој се докажува државјанството и во тие закони се додадоа дополнителни амандмани со кои се кажа дека постоечките лични карти не се документ за докажуваше на државјанството. Овој амандман што го предлагам се однесува на тоа да одредбата од членот 23 се применува по замената на важечките лични карти со новите лични карти заради тоа што членот 23 став 1 предлага како што е утврдено личните карти и патните исправи се документ со кој се докажува државјанството. Имајќи во предвид дека по влегувањето во сила на овој закон личната карта ќе се заменува подолг временски период, меѓутоа, сепак, таа е важечка предлагав дека одредбата од членот 2 3 на став 1 да се применува по замената на личните карти и патните исправи издадени до влегувањето во сила на овој закон. На тој начин ќе се оневозможи и важечките лични карти да бидат документ за докажување на државјанството, независно што оваа одредба е вградена, меѓутоа по инсистирање дополнително во законот за лична карта, предлогот со амандмани и законот за патните исправи сметам дека бидејќи државјанството се регулира во законот за државјанство многу поцелисходно и поупатно е оваа одредба да биде утврдена во законот за

државјанство отколку во истите, бидејќи има поголема тежина. Она што сеуште недостасува е тоа да мора да признаеме е голема тежина и затоа предлагам оваа одредба која што беше прифатена и од Комисијата за меѓунационални односи да биде прифатена како составен дел на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, предлагам овој амандман да се прифати а ако не се прифати од членот 23 одредбата ќе биде во коалиција со одредбите од член 26 кои сега ги изгласавме. Затоа што ако таму се бара легалност по престој и ова да се докажува овде само со лична карта и со пасош ќе престане обврската да докажува кога дошол и кога бил и дали има престој или нема. Затоа една практична работа ќе се прелее во праксата.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не е спорен, така и ќе се применува личната карта како доказ за државјанството и патните исправи со тоа што ние сметавме дека одредбата што беше спомената во Законот за лични карти ја завршува работата. Инаку не се противиме тоа да стане составен дел и на овој закон со тоа што јас сакам да напоменам само нешто и ја користам оваа прилика.

Претходното решение кое се усвои во членот 26.

Прво, Претседателството на Собранието треба да провери, бидејќи членот 26 веќе беше изгласан, ние завршивме после изгласувањето на член 26, ако е тоа точно тогаш треба да се провери дали е тоа така или дали може со следен амандман може членот кој е веќе изгласан да се измени потполно. Тоа е прво, процедурално да се провери.

Второ, постои сериозен проблем со усвојување на ваквото решение.

Прво, да отстапиме од решенијата кои ги има во останатите закони за државјанства во републиките кои се досега прифатени. Сите тие предвидуваат преоден статус односно преоден период за државјаните од

другите републики со регулирано живеалиште на републиката во која се затекнуваат. Да бидеме сериозно под удар на Комисијата за суцесија во Југославија, на која токму по ова прашање ќе се расправа односно да имаме дефанзивна ситуација во тоа и притоа решение да биде така ригидно да предизвика дефинитивно не можеше да се најде заеднички збор со пратеници Албанци во овој Парламент. Тоа сум должен да го споменам.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Прво, ние носиме закон за албанци, турци и Македонци толку носиме закон за граѓаните на држава Македонија. Затоа сметам дека многу е неумесно да се каже дали пратениците албанци ќе бидат задоволни од решенијата што ќе бидат утврдени во Законот. Они градејќи ја тезата дека создаваме заедничка држава сметаат дека врз принцип на консензус овој Парламент треба да одлучува за сите прашања. Имаат граѓанско право да присуствуваат на овој Парламент, поканети се уредно и имаат право секој да си ги брани своите забелешки и Парламентот си одлучува со мнозинство утврдено во Уставот.

Што се однесува дали ќе ја намали преговарачката позиција сега прв пат дознаваме дека преговарачите наши се придржуваат или не се придржуваат на некои решенија кои ги усвоила оваа држава односно нејзините институции. Ние за таа конференција воопшто не сме информирани и на преговарачите, фактички условите за преговорите ги создаваме и со овој закон.

Што се однесува до забелешката дали ова претходно било утврдено или не било утврдено, не утврдуваме како Уставот член по член, туку додека трае претресот на законот секој има право да си поднесе свој амандман, така да во постапка прошишана со деловник и Устав, амандман е усвоен и нема потреба да се враќаме назад.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Јас го почитувам правниот ентузијазам на господинот Петров, меѓутоа тој неколку пати може да неували во таква правна компликација за која веројатно нема да биде одговорен тој самиот бидејќи Парламентот ја носи. Вакво решение ќе биде преседан во член 26 во Законот за државјанство во бившите републики на СФРЈ. Тоа како прво да го знаете.,

Во сите републики малку попаметно од предлагачите во овој случај, предвидуваат посебен преоден статус а не ги прогласуваат државјаните на другите републики за странци одеднаш. Тоа е лесно гда се донесе, но е тешко да се спроведе. Зошто? Затоа што тој правно не држи. Јас немам желба да го коментирам тоа веднаш после амандманот бидејќи еднаш го коментиравме и се повторува, секогаш ново образложение со историјата, после секој амандман, па тешко е навистина секогаш да се повторува аргументација. Имено, се работи за следното:

Погрешна е тезата дека сме имале закон за државјанство со потполн капацитет како што имаат законите за државјанство сите независни држави. Тоа не е точно. Зошто? Затоа што тој закон што досега сме го имале имал една битна фалинка односно не ја правел онаа разлика меѓу правата на државјаните и правата на странците. Тој нема таква разлика. Имено, правата на државјаните на Република Македонија да ги уживаат сите права и должности на таа држава и странците кои имаат други права и должности на таа држава. Таква разлика ниеден закон за државјанство во бившата Југославија, па нема ни нашиот. Тоа значи тој има суштинска мана во почетокот. На него не може да се потпре континуитетот, бидејќи секој кој има регулирано живеалиште овде ги имал граѓанските права еднакви: како и оние кои биле државјани. Тоа е проблем на политиката,не е проблем

на законот. Законот има фалинки и не може суштински на него да се навлече континуитет. Токму затоа а не заради некакво попуштање према било кого во сите држави од бившата СФРЈ се прави преоден период за овие граѓани или жители на дадената република кои што немаат регулирано државјанство. Затоа тие не се прогласуваат веднаш за странци туку им се дава некоја состојба на полустранци. Имено, не ги имаат правата и слободите на државјаните на Републиката, меѓутоа имаат полесен начин да го регулираат државјанството. Оттаму се предвидуваат тие полесни услови за стекнуваше на државјанството, ослободување на сите услови кои ги имаат странците. Но, ваше е да одлучите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Фрчковски, дали овој амандман на член 28 го прифаќате?

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Јас реков дека не го прифаќам на членот 28, меѓутоа вие го изгласавте, евентуално ќе го задржам правото да предложам амандман остануваше на истиот член 26 таков каков што е, да се гласа наново.

Имено, амандман да се замени усвоениот член 26, кој пред малку беше усвоен со стариот текст на членот 26.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ние изгласавме и да не дозволиме по втор пат да ни се случи тоа што со Уставот се случуваше. Тоа не може да појде. Никој да не си прави илузии дека може по втор пат да го направи тоа што го направивме овде со Уставот.

Го молам претседавачот да не дава можност да се створаат некои ситуации од кои што ќе може да се доведуваме во некои ќор сокаци во работата на Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа вие не сте задолжени и седнете си на место.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Имам право како пратеник да реагирам кога сметам дека тој што претседава ги крши деловничките права. И ве молам еден попористоен однос и почитување према пратеникот во Парламентот.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Во излагањето на господинот министер јас не разбрав доволно и затоа сакам да ми објасни. Колку што можев да разберам за него постојат странци и полустранци во оваа земја. Нека ми објасни во која земја во светот постојат во една земја да се третираат како странци и полустранци односно правна форма на одредена категорија граѓани кои ќе се третираат како полустранци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот каков е на Владата.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Го користам правото да предложам амандман на усвоениот член 26. Тоа е стариот текст на членот 26 и за тој гласајте.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас колку што го познавам деловникот и Уставот министрите немаат право надвор од седница на Влада да на седница на Парламент предлагаат усни амандмани.

Прво, не е овластен да предлага амандман на оваа седница како министер.

Второ, ако министерот се плаши да Петров не ја вовлече Републикава, исто таков страв да не ја вовлече оваа Република со правниот ентузијазам на креаторите на Уставот имам и јас како пратеник. Тоа мое право го користам. Не мора јас да бидам било кој стручњак за да изгласам еден закон кој овде ни се нуди. Според тоа јас сметам дека застанавме на членот 28 на амандманот и расправата да ја продолжиме таму. Ако министерот смета, си има законско право и уставно преку Владата нека предложи закон за измена и дополнување и постапката нека си ја спроведе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам да завршиме со амандманите а кога ќе поминеме на претрес по текстот на Предлогот на законот тогаш Владата може да побара пауза и да предложи измени и дополнувања на амандманите.

(Реагирање на пратениците)

Ве молам тоа е толкување на деловникот и за тоа мораме да се држиме.

Отворам претрес по амандманот на член 28 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (41)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 28 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 28-а поднесен од група пратеници.

Молам кој бара збор?

(Се повлекува)

Отворам претрес по член 28 за додавање на ков член 29 поднесен од пратеникот Тодор Петров. (Се повлекува)

Значи немаме други амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 29 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

(Се повлекува)

Продолжување со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ако сфатив овде претставникот на Владата министерот Фрчковски побара Владата дополнително да изврши консултации во врска со член 26.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата нема потреба да заседава по членот кој го формулирала како основно решение на Законот. Ние го предлагаме повторно во облика на амандман основното решение на законот кое беше изменето со амандман. Според тоа нема потреба додатна консултација за исто решение зад кое Владата стои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Бидејќи Уставната комисија сега треба да заседава, молам по Предлогот на Владата уште една консултација, седница на Комисијата за внатрешна политика по Предлогот на Владата.

Објавувам пауза....

(Реагирање на пратениците)

Објавувам пауза и Комисијата за внатрешна политика да го погледа предлогот на Владата.

(Пауза од 14,00 часот.)

Смета ли претставникот на Комисијата дека треба да заседава по Предлогот на Владата.

( Нема потреба.)

Молам пауза за да се консултираат